**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Министерството за економија, согласно Програмата за поддршка на угостителскиот сектор во РСМ „Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 269 од 10.11.2020 година објавува:**

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ГРАНТОВИ ЗА РЕСТОРАНИ ЗА СВАДБИ

**1. Предмет на поддршка**: Издавање на грантови за категоризирани ресторани за свадби.

**2. Право на учество** имаат сите категоризирани ресторани кои работат со организирање на свадби и свечености кај кои остварениот приход во референтниот период од јануари до октомври 2020 година е намален за повеќе од 75% споредено со истиот период минатата година.

На овој јавен повик немаат право на учество:

- Ресторани кои не се категоризирани односно не поседуваат Решение за категоризација издадено од Министерството за економија
- Ресторани кои работат како ресторани со послужување на храна за индивидуални гости, гостилници, ресторани за самопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, ќебапчилници, бистро, пицерии, објекти за брза храна
- Ресторани кои се во постапка на ликвидација или стечај

**3. Намена на средства**
Со цел поддршка на Угостителскиот сектор кои со Одлука на Владата на Република Северна Македонија за време на Кризата со Ковид 19 беа затворени , Министерството за економија предвидува мерка за доделување на грантови кои ќе се одредат согласно вкупниот приход на субјектот во претходната (2019) година, бројот на вработени и Решението за категоризација.

**4. Износ на поддршка**
Износот на средства кој ќе биде доделен е во зависност од остварениот вкупен приход во 2019 година, бројот на вработени и видот на Решението за категоризација а ќе изнесува од 180.000,00 до 600.000,00 денари за правен субјект и тоа:
- за вкупни приходи од 0-1.000.000,00 денари – грант во износ од 180.000,00 денари;
- за вкупни приходи од 1.000.001,00 -2.500.000,00 денари – грант во износ од 300.000,00 денари;
- за вкупни приходи од 2.500.001,00 -5.000.000,00 денари – грант во износ од 480.000,00 денари и
- за вкупни приходи над 5.000.001,00 денари – грант во износ од 600.000,00 денари.

**5.Начин на аплицирање**
- Субјектите до Министерството за економија доставуваат електронско барање преку платформата www.domasiedoma.gov.mk или www.pushimenevend.gov.mk за грантови за Ресторани за свадби.

**6. Потребни документи за пријавување**
- ТЕКОВНА СОСТОЈБА (документ издаден од од Централен регистар не постар од 3 месеци);
- РЕШЕНИЕ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА (документ издаден од Министерство за економија) или Барање за издавање на Решение (поднесено до Министерство за економија);
- ПРИЈАВА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ;
- ГОДИШНА ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2019 ГОДИНА;
- УВЕРЕНИЕ ЗА ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ ОД УЈП не постаро од 3 (три) месеци и
- СПИСОК НА ВРАБОТЕНИ ПО ОБВРЗНИК заверен од АВРСМ не постар од 30 дена.

**7. Краен рок за аплицирање**
Барањето со пропратната документација се доставува преку платформата **најдоцна до 28.11.2020 година.**

**НАПОМЕНА: Барањата за Грантови за ресторани за свадби ќе се разгледуваат по принципот ПРВ ДОЈДЕН ПРВ УСЛУЖЕН (Барањето кое нема да биде комплетно ќе го завземе последното место по реден број на поднесување на датумот на комплетирање на барањето).**

**За потврда на веродостојноста на податоците во поднесената документација Министерството за економија ќе изврши проверка со УЈП и АВРСМ.**
Комисија формирана од Министерот за економија ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви листа на одобрените барања.
Листата на одобрени барања на средствата за Грантови за ресторани за свадби ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија.

**За подетални информации да се обратите на :**
**тел:(02) 3093 543; (02) 3093 536 и (02) 3093 540 е-маил: info@economy.gov.mk**